# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

# за 2024 година

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**

Квалитетно и инклузивно средно образование (еднакви можности на момчињата и девојчињата).

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**

Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење

Центар за стручно образование и обука

Сектор за финансиски прашања, Одделение за буџетска координација

Сектор за ученички и студентски стандард

**Вид на програмата**

☒ **Хоризонтална**

☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027:**

Овој извештај е директно усогласен со клучните цели и приоритети дефинирани во Стратегијата за родова еднаквост 2022–2027, при што ги поддржува следните стратешки цели и мерки:

**Општа цел 2: Подобрување на положбата на жените во сите сфери на јавниот и приватниот живот**

Оваа програма придонесува кон севкупното унапредување на родовата еднаквост, особено преку подобрување на пристапот, учеството и напредокот на девојчињата и жените во средното стручно образование, како предуслов за нивна економска и социјална инклузија.

**Специфична цел 2.2: Унапредување на положбата на жените во земјоделството**

• Мерка 2.2.4: Млади мотивирани да се занимаваат со земјоделство преку стимулативни мерки и поддршка

Активностите во рамки на програмата особено ја таргетираат ниската застапеност на девојчиња во стручни училишта од земјоделската струка. Преку анализи на уписи по пол и

струка, програмата идентификува предизвици и нуди препораки за мотивирање и поддршка на млади девојки да се вклучат во земјоделското образование, како и во сектори со висока економска перспектива.

**Специфична цел 2.6: Родово сензитивни образование и наука**

• Мерка 2.6.1: Зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образованието од страна на девојчиња

Програмата се залага за идентификација и адресирање на родово засновани бариери кои водат кон предвремено напуштање на училиштето, особено во рурални средини и во стручни училишта каде девојчињата се во значително помал број.

## 2. Вовед

Со Програмата „Квалитетно и инклузивно средно образование", предмет на детална анализа се следниве три струки:

- Градежно – геодетска;
- Земјоделско - ветеринаринарна и
- Шумарско - дрвопреработувачка.

## 3. Позадина/контекст

Програмата **„Квалитетно и инклузивно средно образование (општо и средно стручно образование) и ученички стандард" произлегува од Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија „Сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици" содржан во Одлуката за изменување на Одлуката за стратешки приоритети за 2024-2028 година**. Во таа насока, програмата е заснована на приоритетните цели за:

**<u>Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал преку:</u>**

- Подобрување на содржината на средното образование;
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во средното образование;
- Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците;
- Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, модернизирање на системот за стручно образование обука и системот за

образование на возрасни согласно перспективата за доживотно учење;

- Вложување и развој на дигитални вештини и критичко размислување;
- Воспоставување на системот на кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги и
- Унапредување на менталното здравје, превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем.

Целта на оваа програма е обезбедување на квалитетно, достапно и инклузивно средно образование, со посебен акцент на подобрување на ученичкиот стандард.

Според законската рамка, средното образование во Република Северна Македонија е задолжително и бесплатно, и ги опфаќа учениците на возраст од 15 до 17/18 години. Клучниот фокус е ставен врз реформата на стручното образование и обука, кое претставува инструмент за подобро поврзување на образовниот систем со динамичните потреби на пазарот на трудот.

Имено, трансформациите на пазарот на трудот директно влијаат врз обликувањето на моделите за стручно образование и обука – како систем кој овозможува стекнување на применливи знаења и вештини за вработување или самовработување, што создава взаемна и циклична зависност меѓу понудата на кадар и побарувачката на компетенции.

**Стратегијата за образование 2018–2025 година** укажува на сериозни предизвици во доменот на стручното образование, вклучително и:

- ниската застапеност на стручни предмети (околу 52%, наспроти 70% европски просек);
- висок процент на општи предмети (42%);
- и особено низок број часови на практична обука (само 20–30%, во споредба со европските стандарди од над 60%).

Поради тоа, Стратегијата поставува четири клучни приоритети:

1. Усогласување на стручното образование со реалните потреби на пазарот на трудот;
2. Подобрување на наставната средина и квалитетот на стручното образование и обука;
3. Зголемување на опфатот на ученици во стручните програми;
4. Јакнење на капацитетите на човечките ресурси вклучени во системот.

Во согласност со овие приоритети, политиките за упис се насочени кон поттикнување на средното стручно образование како стратешка насока за младински развој и

намалување на структурната невработеност. Најголем број стипендии се доделени на ученици запишани во **дуални паралелки во четиригодишни стручни програми**, како и на ученици во **тригодишно средно стручно образование**.

Дополнително, анализата спроведена од Министерството за образование и наука во однос на родовата застапеност во запишувањето во средното стручно образование, посочува на потребата за целосно прилагодена и таргетирана програмска интервенција.

Во тој контекст, како **предмет на подлабока анализа** се идентификувани следниве **три приоритетни струки**:

- Градежно–геодетска,
- Земјоделско–ветеринарна,
- Шумарско–дрвопреработувачка.

Овие сектори се од клучно значење за регионалниот економски развој и социјалната инклузија, и претставуваат важен сегмент во обезбедувањето соодветен кадар со директна примена на пазарот на трудот.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

### 4.1. Остварени резултати, промени и влијанија:




Во учебната 2024/2025 година, градежно-геодетската струка бележи пораст од 9,1% во вкупниот број на запишани ученици во споредба со претходната година. Истовремено, евидентиран е и позитивен тренд во родовата застапеност, при што учеството на девојчињата во оваа струка е зголемено за 7,66%.

Градежно-геодетската струка бележи стабилен раст и кај вкупниот број на ученици и

кај двата пола, но особено значаен е порастот на женската застапеност, што укажува на позитивен тренд на зголемен интерес кај девојчињата за оваа традиционално машка професија. Ова е во согласност со стратешките цели за промоција на родова еднаквост во образованието и отвора можности за понатамошни политики за поддршка на девојчиња во технички и градежни струки.




Во учебната 2024/2025 година, земјоделско-ветеринарната струка бележи пораст од 7,42% во вкупниот број на запишани ученици во споредба со 2023/2024 година. Сепак, во однос на родовата структура, забележан е пад од 3,08% во учеството на запишани девојчиња, што укажува на потреба од дополнителни мерки за родова рамноправност во оваа област.

Во последните шест години, земјоделско-ветеринарната струка бележи опаѓачки тренд во вкупниот број на запишани ученици, особено изразен кај машките ученици. Иако се забележува мало стабилизирање во последните две години, сепак вкупниот број останува под нивото од 2019/2020.

Иако има благ раст на женското учество и малку подобрување во вкупниот број во последните години, земјоделско-ветеринарната струка е во опаѓање, особено кај машките ученици. Исто така, позитивен сигнал е континуираниот интерес кај девојчињата, што отвора простор за фокусирани родови политики и поддршка во струки кои традиционално доминираат со машка популација.




Во учебната 2024/2025 година, шумарско-дрвопреработувачката струка бележи значителен пораст од 14,07% во вкупниот број на запишани ученици во споредба со претходната година. Особено охрабрувачки е зголемувањето на процентот на запишани девојчиња за 14,11%, што укажува на зголемен интерес и поголема родова застапеност во оваа традиционално машка струка.

**Вкупен пораст на запишани ученици и девојчиња во трите приоритетни струки**




Во учебната 2024/2025 година, трите технички струки – градежно-геодетска, земјоделско-ветеринарна, и шумарско-дрвопреработувачка – бележат вкупно зголемување од 7.73% во бројот на запишани ученици во однос на претходната година. Овој раст укажува на зголемен интерес кај младите за овие сектори, што е позитивен тренд во насока на поддршка на стручното образование и пазарот на труд.

Особено значаен е и порастот на бројот на запишани девојчиња за 5.12%, што покажува позитивни поместувања кон родова рамноправност и поголема вклученост на девојчиња во традиционално машки доминантни сектори. Овој тренд претставува поттик за натамошна промоција на стручното образование и создавање инклузивна средина во сите

области.

Во периодот од 2019/2020 до 2024/2025, трите стручни области бележат континуирани флуктуации, но со јасен позитивен тренд на зголемување во последната учебна година, што е значајно за развојот на стручното образование во земјава.

Во последните шест години, вкупниот број на ученици во техничките струки е во пораст за 10.63%, што укажува на постепено враќање на интересот кон стручните и технички профили. Најзначајниот позитивен индикатор е зголемената вклученост на девојчињата, со пораст од над 39%, што претставува голем чекор кон поголема родова еднаквост и разновидност во техничките професии.

**Процентуална застапеност на жени во вкупниот број на запишани ученици и по струки (2019–2025)**




Во периодот од 2019 до 2025 година, процентуалната застапеност на девојчиња во сите три струки, како и во вкупниот број на ученици, бележи континуиран пораст. Највисока застапеност на девојчиња има во градежно-геодетската струка, додека најниска е во шумарско-дрвопреработувачката, иако и таму има стабилен раст.

Од 2019 до 2025 година, вкупната застапеност на жени во средното стручно образование пораснала од 31,51% на 39,66%, што претставува раст од над 8 процентни поени.

- Во градежно-геодетската струка, застапеноста на жени се зголемила од 33,06% на 42,38%, што укажува на сѐ поголема заинтересираност на девојчиња за технички професии.
- Во земјоделско-ветеринарната струка, порастот е од 25,45% на 37,12%, со забележителен напредок особено во периодот 2020–2023.
- Во шумарско-дрвопреработувачката струка, застапеноста расте побавно – од 29,88% на 34,77%, но трендот е стабилен и позитивен.

**Измени во законската рамка со акцент на еднаквите можности и инклузија**

Еднаквите можности во образованието претставуваат еден од клучните индикатори за вклученост и правичност во општеството. Следењето на распределбата на учениците по пол во различни сектори на средното стручно образование овозможува увид во степенот на полова сегрегација, интересите и можностите кои им се достапни на младите девојчиња и момчиња. Овој извештај го прикажува вкупниот број на ученици запишани во прва година во средните стручни училишта во Република Северна Македонија за учебните години 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025, со посебен фокус на родовата застапеност по сектори.

Целта е да се идентификуваат трендовите, дисбалансите и потенцијалните предизвици поврзани со изборот на образовен профил според пол, како и да се дадат основи за идни интервенции кои ќе ја поттикнат еднаквата застапеност на девојчињата и момчињата во сите области на стручното образование.

Во учебната 2024/2025 година донесен е и нов Закон за стручно образование („Службен весник на РСМ" бр. 3/25 и 74/25), кој првпат системски го регулира **дуалното образование**. Преку воспоставување партнерства помеѓу стручните училишта и работодавачите, законот овозможува практична настава со јасно распределени одговорности и со зголемена флексибилност. Ова законско решение дополнително ја поттикнува еднаквата вклученост на сите ученици во практичната настава, без разлика на полот, и гарантира заштита на нивните права преку механизми како што се договори, менторство и назначување координатори.

Во учебната 2024/2025 година, од вкупно 65.114 запишани ученици во средното образование, 42.994 или 66,03% се определиле за стручно образование, што укажува на континуиран растечки интерес кај учениците за стручното образование, како резултат на применетите мерки и политики за негово унапредување.

На 26.11.2024 година на веб страницата на МОН, објавени се резултатите за доделени 1500 стипендии за ученици/чки кои се запишани во паралелки во стручно образование во кои се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование од јавните средни училишта за учебната 2024/2025 година (дуални паралелки).

За учебната 2024/2025 година продолжува и доделувањето на стипендии за ученици во стручното образование, со фокус на сектори каде што традиционално постои родов дисбаланс. Доделени се:

- 300 стипендии во сектори како **угостителство и туризам, шумарство и**

**обработка на дрво, градежништво и геодезија, земјоделство-рибарство и ветеринарство, машинство и текстил, кожа и слични производи;**

- 220 стипендии за ученици од тригодишно стручно образование;
- 1500 стипендии за **ученици кои се запишани во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (дуални паралелки)**

Родово разделени податоци за доделени стипендии на струките кои се предмет на разгледување на родово буџетска изјава 2024:

| СТИПЕНДИИ ПО СТРУКА | 2024/2025 | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Машки | | Женски | |
| | Број | Средства (МКД) | Број | Средства (МКД) |
| **Градежно-геодетска струка** | 52 | 1.638.000 | 100 | 3.150.000 |
| **Земјоделско-ветеринарна струка** | 8 | 252.000 | 17 | 535.500 |
| **Шумарско-дрвопреработувачка струка** | 7 | 220.500 | 9 | 283.500 |
| **Тригодишно образование** | 88 | 2.772.000 | 30 | 945.000 |
| **Дуални паралелки** | 778 | 24.507.000 | 722 | 22.743.000 |

Овие стипендии не само што обезбедуваат економска поддршка, туку и овозможуваат родова мобилност и охрабрување на девојчиња и момчиња да се запишат во нетрадиционални сектори на образование, рушејќи родови бариери во професионалниот развој.

Исто како и претходните години и оваа учебна година во сите Конкурси за ученички стипендии во струките каде што вкупниот број на пристигнати апликации постои родов јаз, односно од вкупно пријавените кандидати бројот на женски кандидатки е помал од 40% во финалното бодување на женските кандидатки кои исполнуваат услови ќе им се даде дополнителен бод.

**5. Анализа на буџетски алокации** (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:

Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;

Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените:

Вкупно реализираните средства за потпрограма средно образование за 2024 година изнесуваат 757.008.618 денари.

Реализирани средства за потпрограмата за регионални центри за стручно образование и обука изнесуваат 613.211.418 денари.

Вкупниот буџет за потпрограма средно образование за 2025 година, изнесува 794.53.00 денари.

**Анализа на реализирани средства по години – споредба меѓу реализацијата за потпрограмата за средно образование и регионалните центри за 2023 и 2024 година**




**Буџет и доделени средства по години – прикажува како се движел буџетот за средно образование и доделените средства за регионалните центри во 2024 и 2025 година**




Реализацијата на потпрограмата за средно образование е зголемена за 6.21% во 2024 година во споредба со 2023 година.

Реализираните средства за регионалните центри бележат значително зголемување од 67.49%, што укажува на сериозен раст на вложувањата во стручно образование.

Во 2025 година доделените средства за регионалните центри повторно се зголемени за 21.66% во однос на 2024 година (разлика од 102.503.000 денари).

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Усвоена нова Концепција за стручно образование која предвидува интегрирање на глобалните образовни трендови во македонскиот систем на стручно образование и обука и насочување на младите кон атрактивни и нови вештини, како дигиталните, примена на вештачка интелигенција, зелените вештини, меѓукултурната комуникација, иновативност, медиумска писменост и слично. Концепцијата ќе помогне во усогласување на образованието со потребите на пазарот на трудот.

Формирани се 5 регионални центри за стручно образование и обука, , а нови 2 ќе почнат да функционираат од 1 септември 2025 година. Ќе следи формирање на уште еден.

Усвоена нова методологија за финансирање на основното и средното образование чија примена започнува на 1 јануари 2026, при што средните стручни училишта согласно истата ќе добиваат повеќе средства заради континуитет на унапредување на квалитетот на наставата.

Препознавајќи ја итната потреба за дејствување и почитувајќи ги принципите на еднаквост, недискриминација, учество и застапеност, разумно прилагодување и

пристапност, интерсекционалност, разновидност и вклучување, со цел да се создаде побезбедна и порамноправна средина за сите, особено за младите жени и девојчиња со различни идентитети, донесена е Декларација за борба против насилството врз млади жени и девојчиња потпишана од страна на Министерката за образование и наука, Претседателката на Република Северна Македонија, СОУ „Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје, АСУЦ Боро Петрушевски - Скопје, двата сојузи на средни училишта, Националниот младински совет, Националната мрежа за борба против насилството врз жените и семејното насилство, Мрежата Стела, Центарот за еднакви можности „Молекуќја“ (Бубамара) и Мисија на ОБСЕ во Скопје.

## 7. Заклучоци и препораки

- Зајакнување на средните стручни училишта преку насоки и обуки на раководителите и наставниот кадар за промоција на еднакви можности и надминување на родовите стереотипи и предрасуди за стручното образование.
- Редовна и континуирана промоција на атрактивноста на дефицитарните струки кои се обработуваат во оваа родово буџетска изјава, пред учениците во основно образование, со посебен акцент на мотивирање на девојчиња.
- Зајакнување на системот за кариерно насочување и советување, со посебен акцент на елиминирање на родовите стереотипи за „машки“ и „женски“ професии.

Архивски бр.08-11310/1

19.08.2025 година

**Одобрил**

**Министерка за образование и наука**

**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

Изработил: Славица Мирческа Атовска